# ИЗВЕШТАЈ

## за остварените резултати од работењето
## на Ј.П. “ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ” - ОХРИД
## за период 01. Јануари - 31. Декември 2018



Охрид,

Февруари 2019 година

Јавно претпријатие за комунална дејност ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ Бр. 02-365/5 27.02.19г. Охрид

## I. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Ј.П."Охридски Комуналец"-Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид, чии широк спектар на активности се сублимираат во следниве основни дејности:

- Собирање,транспорт и депонирање на комунален отпад;

- Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;

- Одржување на градските паркови,зеленила,парк шуми;

- Одстранување и чување на непрописно паркирани возила, украсување на населени места и многу други активности од комуналната сфера.

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Модерен и чист град,чиста урбана средина, заштита на животната средина и намалување на трошоците се наша заложба.Со меѓусебна, транспарентна, јасна и отворена комуникација секојдневно градиме партнерски однос со граѓаните, а нивното задоволство и исполнувањето на нивните потреби за здрава и чиста околина, го потврдуваат успехот на нашето работење.

Во согласност со Програмата за работа за 2018 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржувањето на јавното зеленило, организационо-техничката опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец"- Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Процесот на работа во јавното претпријатието е организирана на ниво на Сектори, одделенија и оддели, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Ј.П."Охридски Комуналец" бр.03-437/2 од 24.03.2016 усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-437/3 од 24.03.2016 година. Во Секторите постојат облици на работно организирање во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа.

Дејностите и работите во **Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД** се обавуваат во следните Сектори и одделенија:

*** СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
- **Одделение за Услужна хигиена**
- **Одделение за Јавна хигиена**
- **Одделение за Депонија**

*** СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- **Одделение Расадник со Производство**
- **Одделение Паркови и Зеленило**

***СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

- **Одделение за Експлоатација на возен парк**
- **Одделение за Одржување на механизација и возила**

***СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

- **Одделение за Сметководство**
- **Одделение за АОП**
- **Одделение за Наплата**
- **Одделение за Јавни набавки**

***СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
- **Одделение за Општи и правни работи**
- **Одделение за Човечки ресурси**

Според бројот, работниците на ЈП "Охридски Комуналец" – Охрид се распоредени по сектори како во следната табела:

| | **КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **МЕХАНИЗАЦИЈА** | | **ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | | **ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| Бр. на вработени | 41 | 10 | 44 | 9 | 3 | | 36 | 6 | 45 | 4 | 47 | 2 | 27 | 6 |
| **Вкупно: 280 вработени** | | | | | | | | | | | | | | |

## III. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Бројот, динамиката и квалификацијата на вработените во ЈП"Охридски Комуналец" Охрид за пресметковниот период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година прикажани се во табели.

*Бројот на вработени*
*по месеци*

| месец / год. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *2018* | *262* | *261* | *261* | *273* | *278* | *280* | *282* | *284* | *280* | *279* | *281* | *280* |
| *2017* | *260* | *260* | *260* | *260* | *259* | *259* | *261* | *263* | *265* | *265* | *263* | *262* |

Бројот на вработени за пресметковниот период 01.01.2018 - 31.12.2018 година во просек изнесува 275 вработени, а заклучно со 31.12.2018 година бројот на вработени изнесува 280 од кои 243 вработени на неопределено време, а 37 на определено време.

Работниците кои беа вработени на определено време склучуваа договор за работа на определено време за период од 30 дена во зависност од потребата од работници во јавното претпријатие. Сите вработувања беа во рамките на законските прописи, односно врз основа на претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Охрид, а со посредство на Центарот за вработување Охрид. Вработувањата беа во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид број 03-437/2 од 24.03.2016 година.

*Број на вработени по работни единици*
*заклучно со 31.12.2018 година*

| | **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИ-ЗАЦИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИН. РАБО-ТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| | н. | о. | н. | о | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| Директор | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Пом.дир.за оперативно-технички работи | | | | | | | | | 1 | | | | | |
| Раководители | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 3 | | 5 | | 1 | |
| Предводници | 1 | | 1 | | | | 3 | | 4 | | | | | |
| Извршители | 39 | 10 | 42 | 9 | 2 | | 32 | 6 | 37 | 4 | 42 | 2 | 25 | 6 |
| **Вкупно: 280** | **41** | **10** | **44** | **9** | **3** | | **36** | **6** | **45** | **4** | **47** | **2** | **27** | **6** |

## IV. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Преку финансиските извештаи треба да се обезбедат информации за финансиската состојба и работење на претпријатието што пак ќе се користат за донесување на правилни економски решенија. Тие ги покажуваат резултатите од раководството и управувањето со доверените средства односно финансиските извештаи обезбедуваат информации за средствата , капиталот, обврските, приходите и расходите вклучувајќи ја добивката или загубата на претпријатието.

Финансиските извештаи ги сочинуваат :

1. Биланс на успех
2. Биланс на состојба

Врз основа на добиените податоци од сметководствената евиденција прикажани се вкупните приходи по конта и структурата на расходите т. е. трошоците.

### IV.1. Биланс на успех

Во Билансот на успех или извештајот за финансискиот резултат вредноста на вкупните приходи во износ од 140,692,755.00 денари се поголеми од вкупните расходи кои изнесуваат 122,597,622.00 денари

Бруто добивката за периодот од 01.Јануари до 31.Декември 2018 година се јавува како разлика меѓу приходите од основни дејности зголемени за вредноста на приходите од други дејности и разликата на залихата на готови производи на почетокот на годината и залихата на готови производи на крајот на годината и расходите од основни дејности зголемени за вредноста на расходите од други дејности.

Бруто добивката во вредност од 18,095,133.00 денари е прикажана во табелата на Биланс на успех. Расходите од работењето во себе ги содржат трошоците за суровини и материјали, набавната вредност на продадени стоки, услуги со карактер на материјални трошоци, трошоци за вработените, плати и надоместоци на плата (нето), придонеси од задолжително социјално осигурување, вредносно усогласување на тековни средства и амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства.

Споредбата на приходите и расходите во табелата на Билансот на успех е направена за 2018 и 2017 година. Секое зголемување или намалување на приходите и расходите искажано е преку индекс. Приходите од работењето во вредност од 140,438,233.00 денари во 2018 год. споредени со приходите од работењето од минатата 2017 год. се поголеми и имаат индекс од 109%. Финансиските приходи во вредност од 254,522.00 денари во споредба со финансиските приходи од 2017 година се помали и имаат индекс од 36%.

Расходите од работењето во вредност од 120,175,770.00 денари за 2018 година споредени со расходите од работењето од минатата 2017 година се поголеми и имаат индекс од 108%. Финансиските расходи во вредност од 2,392,654.00 денари во споредба со финансиските расходи од 2017 година се поголеми и имаат индекс од 245%.

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година**

| р.бр | Вид на приходи или расходи | 2018 год. износ | 2017 год. износ | Индекс % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **140,438,233.00** | **128,801,402.00** | 109 |
| 2 | Приходи од продажба | 140,155,267.00 | 128,058,475.00 | 109 |
| 3 | Останати приходи | 282,966.00 | 742,927.00 | 38 |
| 4 | Залиха на гот.п-ди и на недовршено п-во на почетокот на годината | 1,706,039.00 | 1,817,691.00 | 93 |
| 5 | Залиха на гот.п-ди и на недовршено п-во на крајот на годината | 1,676,841.00 | 1,706,039.00 | 98 |
| 6 | **II.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **120,175,770.00** | **111,734,726.00** | **108** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 25,922,642.00 | 19,521,815.00 | 133 |
| 8 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 8,746,153.00 | 5,077,147.00 | 172 |
| 9 | Останати трошоци од работењето | 5,760,315.00 | 2,012,896.00 | 286 |
| 10 | Трошоци за вработените | 75,250,868.00 | 69,295,712.00 | 109 |
| 11 | Плата и надоместоци на плата (нето) | *49,857,316.00* | *46,528,595.00* | 107 |
| 12 | Трошоци за даноци на плата и надомест на плата | *2,820,308.00* | *2,613,764.00* | 108 |
| 13 | Придонеси од задолж.социјално осигурување | *19,566,686.00* | *18,232,498.00* | 107 |
| 14 | Останати трошоци за вработените | 3,006,558.00 | 1,920,855.00 | 156 |
| 15 | Амортизација на материјални и нематер.с-ва | 1,674,601.00 | 1,476,780.00 | 113 |
| 16 | Вредносно усогласување на тековни с-ва | 1,048,335.50 | 7,314,763.00 | 14 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 1,772,855.50 | 7,035,613.00 | 25 |
| 18 | **III.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **254,522.00** | **704,455.00** | **36** |
| 19 | Приходи по основ на камата од работењето со неповрзани друштва | 254,522.00 | 704,455.00 | 36 |
| 20 | Останати финансиски приходи | | | |
| 21 | **IV.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **2,392,654.00** | **974,958.00** | **245** |
| 22 | Расходи по основ на камата од работењето со неповрзани друштва | 2,392,654.00 | 974,958.00 | 245 |
| 23 | Добивка од редовното работење | 18,095,133.00 | 16,684,521.00 | 108 |
| 24 | Добивка пред оданочување | 18,095,133.00 | 16,684,521.00 | 108 |
| 25 | Данок на добивка | 252,776.00 | 2,236,313.00 | 11 |
| 26 | Нето добивка за деловната година | 17,842,357.00 | 14,448,208.00 | 123 |
| 27 | Просечен број на вработени | 275 | 262 | |
| 28 | Број на месеци на работењето | 12 | 12 | |
| 29 | Добивка на годината | 17,842,357.00 | 14,448,208.00 | 123 |
| 30 | Вкупна сеопфатна добивка на годината | 17,842,357.00 | 14,448,208.00 | 123 |

## IV.2 Биланс на состојба

Добивката за периодот од 01.Јануари до 31.Декември 2018 година уврдена во Билансот на успех се прикажува во Билансот на состојба. Тоа е извештај за финансиската состојба на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид на средствата, обврските и капиталот. Билансот на состојба е составен од две страни: актива и пасива.

Вкупната АКТИВА во вредност од 110,468,277.00 денари споредена со активата од минатата 2017 година е поголема со индекс од 110%. Во активата прикажани се средствата:

- *Нетековните средства* во вредност од 22,626,651.00 денари ја сочинуваат материјалните средства во вредност од 22,398,527.00 денари и вложувањата во подружници во вредност од 228,124.00 денари. Материјалните средства во 2018 год. споредени со истите во 2017 год. имаат индекс 117%, а финансиските вложувања во 2018 год. споредени со истите вложувања во 2017 год. покажуваат индекс 100%.

- *Тековните средства* во вредност од 87,841,626.00 денари споредени со истите во 2017 год. покажуваат индекс на зголемување од 108%. Тековните средства ги сочинуваат краткорочните побарувања во вредност од 67,949,956.00 денари, залихите во вредност од 6,969,476.00 денари и паричните средства во вредност од 12,922,194.00 денари.

Краткорочните побарувања за 2018 споредени со истите од 2017 година покажуваат индекс од 106%, залихите во 2018 споредени со истите од 2017 година имаат индекс од 108%, додека паричните средства во 2018 година споредени со паричните средства во 2017 година покажуваат индекс од 119%.

Вкупната ПАСИВА во вредност од 110,468,277.00 ден. во табелата е прикажана преку:

- основна главнина (капитал)
- акумулирана добивка
- добивка за деловната година
- краткорочни обврски
- одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди

Основната главнина изнесува 10,109,271.00 денари; акумулираната добивка во вредност од 28,473,144.00 денари споредена со истата во изминатата 2017 год. е поголема со индекс од 203%. Нето добивката во вредност од 17,842,357.00 денари споредена со минатата 2017 година е поголема со индекс од 123%. Во обврски влегуваат обврските спрема добавувачите, обврските за даноци и придонеси од плата, обврски кон вработените, тековни даночни обврски, обврски по заеми и кредити и останати обврски. Обврските во 2018 година изнесуваат 50,408,638.00 денари и во споредба со истите во 2017 година покажуваат намалување со индекс од 86%.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година**

| | 2018 год. | 2017 год. | Индекс |
|---|---|---|---|
| | износ | износ | % |
| **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **22,626,651.00** | **19,440,472.00** | 110 |
| **I.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | ***22,398,527.00*** | ***19,212,348.00*** | 117 |
| *недвижности* | *10,289,781.00* | *10,619,244.00* | 97 |
| земјиште | 3,629,400.00 | 3,629,400.00 | 100 |
| градежни објекти | 6,660,381.00 | 6,989,844.00 | 95 |
| постројки и опрема | *1,347,138.00* | *1,950,144.00* | 69 |
| транспортни средства | *10,642,461.00* | *6,512,961.00* | 163 |
| алат, погонски и канцелариски материјал | *119,147.00* | *129,999.00* | 92 |
| **II.ДОЛГОРОчНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | ***228,124.00*** | ***228,124.00*** | 100 |
| вложување во подружница | 228,124.00 | 228,124.00 | 100 |
| **Б.ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **87,841,626.00** | **81,281,585.00** | 108 |
| **I.ЗАЛИХИ** | ***6,969,476.00*** | ***6,456,840.00*** | 108 |
| залихи на суровини и материјали | 324,315.00 | 288,197.00 | 112 |
| залихи на резервни делови, ситен инвентар амбалажа и автогуми | 4,968,320.00 | 4,462,604.00 | 111 |
| залихи на недовршени производи и полупроизводи | 1,676,841.00 | 1,706,039.00 | 98 |
| **II.КРАТКОРОчНИ ПОБАРУВАЊА** | ***67,949,956.00*** | ***63,993,887.00*** | 106 |
| побарувања од купувачи | 67,923,225.50 | 63,961,157.00 | 106 |
| побарувања за дадени аванси од добавувачи | | | |
| побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи идр | | | |
| побарувања од вработените | 26,730.50 | 32,730.00 | 81 |
| останати краткорочни побарувања | | | |
| **III.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | ***12,922,194.00*** | ***10,830,858.00*** | 119 |
| парични средства | 12,922,194.00 | 10,830,858.00 | 119 |
| **АКТИВА:** | **110,468,277.00** | **100,722,057.00** | **110** |
| **А.ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **56,424,773.00** | **38,582,416.00** | 146 |
| **I.ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | *10,109,272.00* | *10,109,272.00* | |
| **II.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** | *28,473,144.00* | *14,024,937.00* | 203 |
| **III.ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | *17,842,357.00* | *14,448,208.00* | 123 |
| **Б.ОБВРСКИ** | **54,043,504.00** | **62,139,641.00** | 87 |
| **I.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | ***50,408,638.00*** | ***58,243,536.00*** | 86 |
| обврски спрема добавувачи | 42,013,723.00 | 43,164,385.00 | 97 |
| обврски за даноци и придонеси од плата | 6,933,846.00 | 6,489,007.00 | 107 |
| обврски кон вработените | 66,733.00 | 66,733.00 | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| теквони даночни обврски | 146,824.00 | 4,013,411.00 | 4 |
| обврски по заеми и кредити | 1,021,573.00 | 4,298,713.00 | 24 |
| останати краткорочни обврски | 225,939.00 | 211,287.00 | 106 |
| **II.ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | **3,634,866.00** | ***3,896,105.00*** | 100 |
| **ПАСИВА:** | **110,468,277.00** | **100,722,057.00** | **100** |

### *Преглед на промените на капиталот и резервите за 2018 година*

Промени на капиталот и резервите за 2018 год. прикажани се во следната табела:

| Опис | Капитал | Законски Резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 01.01.2018 год. | 10,109,272.00 | | 28,473,144.00 | **38,582,416.00** |
| Распределба на добивката за 2018год. | | | 17,842,357.00 | **17,842,357.00** |
| Останати промени на влијание на к-лот | | | | |
| Состојба на 31.12.2018 год. | 10,109,272.00 | | 45,423,383.00 | **56,424,773.00** |

## V. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

* ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

- ***Реализација***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Јануари до 31. Декември 2018 година приходите на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 140,692,755.00 денари или со индекс од 109% добиен како резултат на споредување на приходите од 2018 година со вкупните приходи од 2017 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањето на поединечните приходи поодделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2018 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 70,495,139.00 денари; *Приходите од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица - редовно и вонредно со вредност од 36,264,998.00 денари; *Приходи од јавна чистота в*о вредност од 11,668,264.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2018 год., *Приходи од зеленило* со вредност од 8,629,877.50 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид и извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило; *Приходи од услуга со транспортно средство* со вредност од 7,842,222.00 денари по Оперативна програма за зимско одржување на улиците во Охрид и околните населени места, чистење диви депониии од јавни и сообраќајни површини од шут и кабаст отпад, чистење и депонирање на окрег и реси; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 5,115,178.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *приходи од наемнина* со вредност од 281,795.00 денари; *приходи од камати* со вредност од 254,522.00 денари; *други приходи* со вредност од 139,588.00 денари.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Јануари до 31.Декември 2018 год со приходите од минатата 2017 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2018 год. во однос на минатата 2017 година.

**ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ ПРИХОДИ**
**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година**

| | **2017год.** | | **2018 год.** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | износ | структура | износ | структура | % |
| **1.ХИГИЕНА** | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 68,538,485.00 | *53* | 70,495,139.00 | *50* | 103 |
| Приходи од претпријатија | 33,089,691.00 | *25* | 36,264,998.00 | *26* | 110 |
| Приходи од средствата од јавна чистота | 7,199,739.00 | *6* | 11,668,264.00 | *8* | 162 |
| **2.ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| Приходи од зеленило | 7,735,910.00 | *6* | 8,629,877.50 | *6* | 112 |
| **3.МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| Приходи од услуга со транспортно с-во | 9,629,511.00 | *7* | 7,842,222.00 | *5* | 81 |
| **4.ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 228,295.00 | *0.41* | 281,795.00 | *0.20* | 123 |
| **5. ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | 208,632.00 | *0.16* | 1,171.50 | *0.80* | 0.5 |
| **6.ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНИ УСЛУГИ - ГРАДЕЖИ** | 2,013,189.00 | *2* | 5,115,178.00 | *4* | 254 |
| **7.КАМАТИ** | 704,455.00 | *0.54* | 254,522.00 | *0.10* | 36 |
| **8.ДРУГИ ПРИХОДИ** | 157,948.00 | *0.12* | 139,588.00 | *0.09* | 88 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **129,505,855.00** | ***100*** | **140,692,755.00** | ***100*** | **109** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурирана реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П."Охридски Комуналец"-Охрид за пресметковниот период од 01. Јануари до 31. Декември 2018 год. изнесуваат 122,597,622.00 денари или со индекс од 109% добиен како резултат на споредување на расходите од 2018 год. со вкупните расходи од 2017 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

*Во материјалната група на трошоци спаѓаат:*

- *Потрошените суровини и материјали* во вредност од 13,197,704.00 денари, а се однесуваат најмногу за набавени резервни делови, парковски клупи, градежен материјал, метли, земјоделска и парковска механизација, хидраулични елементи, систем за контрола на јавни тоалети, расаден материјал, набавена индустриска сол, канцелариски материјали, материјал за хигиена;
- *Трошоците на енергија* во вредност од 10,538,869.50 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад и потрошена електрична енергија;
- *Услугите за одржување и заштита* во вредност од 5,256,876.00 денари, а се однесуваат за одржување и санација на депонија "Буково", услуги за одржување на алат и инвентар, сервис и одржување на моторни возила, услуги за одржување на софтвер;
- *Трошоци за одржување на ситен инвентар* во вредност од 2,215,267.00 денари се однесуваат за потрошени гуми и ситен инвентар;
- во оваа група влегуваат конто 4109 - *Останати транспортни услуги* во вредност од 1,999,500.00 ден. транспорт од депониран отпад од Мауцкер; *трошоците на амортизација* во вредност од 1,674,601.00 денари; *трошоци за транспортни услуги* книжени на конто 411 во вредност од 586,295.00 денари по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и телефони; конто 415 *трошоците за вода и други комунални услуги* во вредност од 417,192,00 денари, *Останати услуги* на конто 419 во вредност од 257,580.00 денари, а се однесува на трошоци за регистрација на возила;

*Од Нематеријалните трошоци* најголемата ставка се однесува на трошоците за *Адвокатски и нотарски услуги* на конто 44905 со износ од 2,235,940.00 денари; трошоци за донации во вредност од 1,119,922.00 денари;

- Неотпишана вредност и расходување на недвижности и постројки во вредост од 1,119,133.00 ден.;

- *Вредносно усогласување - обезвреднување на побарувања* во вредност од 1,048,335.50 денари;

- *Надомест на трошоците на вработените* на конто 441 со износ од 815,247.00 денари се однесуваат за технолошки вишок на вработените, лекарски прегледи, трошоци за усовршување на вработените;

- *Трошоците за Надзорен Одбор и Управен Одбор* на конто 442 во износ од 577,836.00 денари се на втората позиција и во најголем дел се однесуваат за месечни надоместоци и персонални даноци на членовите на Надзорен Одбор и Управен Одбор;

- - *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 569,607.00 денари;

- *Останати расходи од работењето* книжени на конто 469 во износ од 494,193.50 денари односно трошоци за спорови и судски такси;

- *Останати нематеријални трошоци* книжени на конто 449 со износ од 412,095.00 денари се однесуваат на трошоци за објавување за доделување Договори за јавна набавка на веб-локации на Бирото за јавни набавки при Министерство за финансии; стручни весници и списанија трошоци за книги, прирачници "Рафајлоски консалтинг", интелектуални услуги, вештачење, трошоци за извршители;

- *Трошоци за спонзорства* на конто 4430 во износ од 316,000.00 денари.;

- *Трошоците за репрезентација, промоција* на конто 444 со износ од 230,697.00 денари и се однесуваат на закуп на пакет услуги и рекламен простор од електронските медиуми и телевизија;

- *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама* книжени на конто 4170 во вредност од 228,710.00 денари;

- *Дневници за службени патувања* на конто 440 кои изнесуваат 205,735.00 денари;

- *Премии за осигурување* на конто 445 во износ од 182,599.00 денари;

- *Расход врз основа на директен отпис на побарување* на износ од 159,529.00 денари;

- *Трошоци за договор на дело* на износ од 115,619.00 денари;

Во износот од 72,244,310.00 денари на вкалкулирани плати книжени на конто 420 пресметани се П*латите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид. *Трошоци за отпремнина и награди* книжени на конто 422 во вредност од 1,985,576.00 ден, а се однесуваат на исплати за регрес , отпремнина и јубилејни награди.

*Камата од работење со поврзани субјекти* со вредност од 2,392,576.00 денари се однесува за камата кон Охридска Банка и казнени камата.

**ВКУПНИ РАСХОДИ**
**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година**

| | 2017 год. | | 2018 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на расход | износ | структура | износ | структура | % |
| **1.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 400-Потрошени суровини и материјали | 10,432,427.00 | *9* | 13,197,704.50 | *10.76* | 127 |
| 402-Трошоци на енергија | 8,428,224.00 | *7* | 10,538,869.50 | *8.60* | 125 |
| 407-Трошоци за ситен инвентар и гуми | 772,815.00 | *1* | 2,215,267.00 | *1.81* | 287 |
| 4109- Останати транспортни услуги | | | 1,999,500.00 | *1.63* | |
| 411-Транспортни услуги | 541,536.00 | *0.48* | 586,295.00 | *0.48* | 108 |
| 413-Услуги за одржување и заштита | 3,873,724.00 | *3.43* | 5,256,876.00 | *4.29* | 136 |
| 415- Трошоци за вода | 315,026.00 | *0.40* | 417,192.00 | *0.34* | 132 |
| 419-Останати услуги | 203,011.00 | *0.30* | 257,580.00 | *0.21* | 127 |
| 430-Амортизација | 1,476,780.00 | *1.31* | 1,674,601.00 | *1.37* | 113 |
| **2.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 440-Дневници за службени патувања | 100,848.00 | *0.09* | 205,735.00 | *0.17* | 204 |
| 441-Надоместоци на трошоци на вработ. | 765,585.00 | *0.68* | 815,247.00 | *0.66* | 106 |
| 444-Трошоци за репрезентација, промоција | 60,355.00 | *0.05* | 230,697.00 | *0.19* | 759 |
| 4170-Рекламирање и пропаганда | 143,850.00 | *0.13* | 228,710.00 | *0.19* | 159 |
| 445-Премии за осигурување | 168,298.00 | *0.15* | 182,599.00 | *0.15* | 108 |
| 442-Трошоци за надомест УО И НО | 446,685.00 | *0.40* | 577,836.00 | *0.47* | 129 |
| 4430-Трошоци за спонзорства | | | 316,000.00 | *0.26* | |
| 4433-Трошоци за донации | | | 1,119,922.00 | *0.91* | |
| 446-Банкарски услуги и  трош. за платен | 460,335.00 | *0.41* | 569,607.00 | *0.46* | 124 |
| 449-Останати нематеријални трошоци | 498,171.00 | *0.44* | 412,095.00 | *0.34* | 83 |
| 44901-Трошоци договор на дело | 58,666.00 | *0.05* | 115,619.00 | *0.09* | 197 |
| 44905-Адвокатски и нотарски трошоци | 320,386.00 | *0.28* | 2,235,940.00 | *1.82* | 698 |
| 4551-Вредносно усогласување-обезвред | 7,314,763.00 | *6.48* | 1,048,335.50 | *0.85* | 14 |
| 4601-Неотпишана вредност и дополнит | 177,688.00 | *0.16* | 1,119,133.00 | *0.91* | 630 |
| 466-Расход врз основа на директен отпис на побарувања | 5,261,436.00 | *4.66* | 159,529.00 | *0.12* | 3 |
| 468-Присилна наплата | 365,555.00 | *0.32* | | | |
| 469-Останати расходи од работењето | 1,230,933.00 | *1.09* | 494,193.50 | *0.40* | 40 |
| **3.ПЛАТИ** | | | | | |
| 420-Плата и надоместоци на плата | 67,374,857.00 | *60* | 72,244,310.00 | *58.92* | 107 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 422-Трошоци за отпремнина и награди | 1,054,422.00 | *0.93* | 1,985,576.00 | *1.60* | 188 |
| **4.ДРУГО** | | | | | |
| 474-Камати од работењето | 974,958.00 | *0.86* | 2,392,654.00 | *1.90* | 245 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **112,821,334.00** | ***100*** | **122,597,622.00** | ***100*** | **109** |

### Амортизација на материјалните и нематеријални средства

* Амортизацијата на материјални и нематеријални средства се пресметува по стапки не пониски од со закон пропишани стапки кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства да се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употребата на истите.

* Набавката на материјалните и нематеријални средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чинат фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

***Состојба на основните средства***

*во 000 ден.*

| | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** |
|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 3,629 | 13,179 | 61,362 |
| Исправка на вредноста | | 6,518 | 49,253 |
| Сегашна вредност | 3,629 | 6,661 | 12,109 |
| Процент на истрошеност | | 49% | 80% |

- Градежното земјиште во билансот на состојба се искажува по проценетата пазарна вредност, која одговара на висината на надоместокот утврдена согласно по прописите за експропријација, а земјоделското земјиште, во висина на основицата за наплата на данокот на промет за соодветно земјиште, утврдена согласно прописите за данок на промет на земјиште.

**ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ**

**000 ден.**

| | |
|---|---|
| **I. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| **Нето Добивка (добивка по оданочување)** | **17,842** |
| Усогласување за: | |
| Амортизација на материјални средства | 1,674 |
| Расходи од камата | (2,381) |
| Приходи од камата | 258 |
| Исправка на вредноста на залихите | (1,268) |
| Исправка на вредноста на побарувањата | (1,423) |
| **Добивка пред промени во обртни средства** | **14,702** |
| | |
| Промени кај побарувањата | 3,957 |
| Промени кај залихите | (541) |
| Промени кај обврските од добавувачи | (8,097) |
| **Нето пари употребени во работење** | **(4,681)** |
| | |
| Платен /повратен данок на добивка | (1951) |
| ***Нето парични текови од оперативни активности*** | ***8,070*** |
| | |
| **II. Парични текови од вложувачки активности** | |
| Купување материјални средства опрема | (5,979) |
| ***Нето парични текови од вложувачки активности*** | ***(5,979)*** |
| | |
| **III. Парични текови од финансиски активности** | |
| | |
| ***Нето зголемување на паричните средства*** | ***2,091*** |
| ***Парични средства на почеток на годината*** | ***10,831*** |
| ***Парични средства на крај на годината*** | ***12,922*** |

Земјиштето, градежните објекти, недвижностите,постројките и опремата се состојат од следново:

*во 000 ден.*

| 2018 | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| Салдо на 01.Јануари 2018<br>Зголемување<br>Намалување | 3,629 | 13,179 | 59,617<br>5,980<br>(4,235) | **76,425**<br>**5,980**<br>**(4,235)** |
| Состојба на 31.12.2018 | 3,629 | 13,179 | 61,362 | **78,170** |
| **Исправка на вредноста** | | | | |
| Салдо на 01.Јануари 2018<br>Амортизација<br>Намалување | | 6,189<br>329 | 51,024<br>1,345<br>(3,116) | **57,213**<br>**1,674**<br>**(3,116)** |
| Состојба 31.12.2018год. | | 6,518 | 49,253 | **55,771** |
| **Нето сметководствена вредност на 31.12.2018 г.** | 3,629 | 6,661 | 12,109 | **22,399** |
| **Нето сметководствена вредност на 01.01.2018 г.** | 3,629 | 6,990 | 8,593 | **19,212** |

Како материјалните и нематеријалните долгорочни средства се сметаат средствата со кои располага Ј.П."Охридски Комуналец", а кои служат за вршење на негова дејност чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема од 300 Евра.

Пропишани и применети годишни стапки на амортизација се следни:

| ***Опис*** | **2018** |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% |
| Компјутери | 25% |
| Опрема | 20% - 5% |
| Моторни возила | 25% |

Материјалните и нематеријални средства поделени се во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

## Парични средства и хартии од вредност

Парични средства на ден 31.12.2018 год. прикажани се на следнава табела:

*во 000 ден.*

| **Парични средства** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|
| Парични средства на денарска сметка | 10,831 | 12,922 |
| Парични средства на денарски благајни | - | - |
| Парични средства на девизна сметка | - | - |
| **Вкупно:** | **10,831** | **12,922** |

## Побарување од купувачи

Побарувањето од купувачи во износ од 67,924 (во илјада денари) се однесува на побарувања по основ на извршени услуги:

*000 ден.*

| ***Побарување по основ на продажба*** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|
| Побарување од купувачи во земјата | 71,524 | 69,347 |
| Вредносно усогласување на побарување од купувачи | (7,564) | (1,423) |
| **Вкупно:** | **63,960** | **67,924** |

## Други краткорочни побарувања

Другите краткорочни побарувања во 2018 година изнесуваат 27 (во илјада денари):

*000 ден.*

| ***Други краткорочни побарувања*** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|
| Други краткорочни побарување | 32 | 27 |
| **Вкупно:** | **32** | **27** |

## Залихи

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната и нето реализациона вредност. Набавната вредност на залихите се состои од набавна цена, увозна царина, неповратни даноци, трошоци за превоз кои настанале во врска со набавката.

Нето реализационата вредност вредност претставува проценета продажна вредност во редовниот тек на работење намалена за трошоците за продажба.

*000 ден.*

| ***Залихи*** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 4,272 | 4,758 |
| Ситен инвентар | 1,747 | 1,802 |
| Производство | 1,706 | 1,677 |
| Исправка на вредноста на Ситниот инвентар | (1,268) | (1,268) |
| Состојба на 31 Декември | **6,457** | **6,969** |

### Краткорочни обврски спрема добавувачи

Краткорочните обврски спрема добавувачите се состојат од следново:

*во 000 ден.*

| Обврски спрема добавувачи во земјата | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 43,164 | 42,013 |
| Вкупно | **43,164** | **42,013** |

Краткорочни обврски во износ од 8,132 (во илјада денари) се однесуваат на обврски по данок на додадена вредност, обврски за плати и придонеси и останати краткорочни обврски. Овие краткорочни обврски се состојат од следното:

*во 000 ден.*

| Краткорочни обврски | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Обврски за ДДВ | (234) | (790) |
| Нето плати | 4,746 | 5,055 |
| Даноци од плати | 219 | 236 |
| Придонеси од плати | 1,523 | 1,641 |
| Останати краткорочни обврски | 2,208 | 1,990 |
| Вкупно | **8,462** | **8,132** |

Краткорочните обврски од финансирање се однесуваат на добиени кредити од А.Д."Охридска Банка" по договори за краткорочни кредити со Одлука на Управниот одбор и Одлука на Основачот - Советот на Општина Охрид.

*во 000 ден.*

| Краткорочни обврски од финансирање | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Кредити | 4,298 | 1,021 |
| Состојба на 31.Декември | **4,298** | **1,021** |

## VI. Финансиски показатели

Вредностите во финансиските извештаи сами по себе не можат да бидат основа за донесување на квалификувани оцени за тековната состојба и успехот на претпријатието. Токму затоа тие треба да се проценуваат од аспект на нивната меѓузависност и споредливост со други показатели како контролни мерки: статистички показатели, податоци за опкружување и сл..

Анализата на работењето на друштвото зависи од податоци кои ни стојат на располагање, а со оглед на тоа што во најголем број случаи на менаџментот му стојат на располагање податоци од финансиските извештаи и дел од сметководството, анализата се ограничува само на тие показатели.

Друг ограничувачки фактор е изборот на соодветен модел за пресметување на показатели. Најчеста класификација на финансиските показатели се:

**Профитабилност**

| ред.бр. | опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | Добивка пред оданочување / вкупна актива | 16.52 | 16.38 |
| 2 | Добивка пред оданочување / капитал и резерви | 43.15 | 32.06 |
| 3 | Добивка по оданочување Капитал и резерви | 37,40 | 31,62 |
| 4 | Добивка за деловната год. и амортизација / вкупната актива | 18 | 17.66 |

Показателите на профитабилност се најважните показатели при оценка на бонитетот на претпријатието за остварување на добивка врз основа на ангажирани средства и капиталот.

**Ефикасност**

| ред.бр. | опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | *денови на врзување на залиха*<br>вредноста на залихите х бр. на денови / приходите од редовно работење | 18.29 | 18.11 |
| 2 | *денови на врзување на побарување*<br>вредноста на побарувањето х бр. на денови / приходите од редовно работење | 181.25 | 176.53 |
| 3 | *денови на врзување на обврски*<br>вредноста на краткорочни обврски х денови / приходите од редовно работење | 176 | 140.45 |

Коефициентите на ефикасност покажуваат периодот на обрт на залихите, обрт на побарувањата и обврските.

**Финансиска стабилност**

| ред.бр. | опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | *финансиска сигурност*<br>капитал и резерви / вкупна пасива | 38,30 | 51,08 |
| 2 | *степен на кредитна способност*<br>к-л и резерви,долгор.резер.и долг. обврски / постојани средства | 198,46 | 249,37 |
| 3 | *степен на самофинансирање*<br>к-л и резерви,долгор.резервирања / постојаните средства и залихите | 148.98 | 190,65 |
| 4 | *степен на задолженост*<br>вкупните долгови / капитал и резерви | 150,95 | 89.34 |

Коефициентот на финансиска стабилност покажува во која мера постојаните средства зголемени за залихите се покриени од долгорочните извори на финансирање т. е сопствениот и туѓиот капитал.

**Економичност**

| ред.бр. | опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | приходи / расходи | 115.27 | 116.86 |
| 2 | финансиски приходи / финансиски расходи | 72,25 | 10,64 |
| 3 | редовните и финансиските приходи / редовните и финансиските расходи | 114.90 | 114,79 |
| 4 | добивка за деловната година / приходи од редовно работење | 12,95 | 12,70 |
| 5 | добивка за деловната година / финансиски приходи | 7024 | 7010 |

Економичноста како економски принцип е настојување да се остварат што поголеми резултати со што помали трошење на работната сила, средствата и предметите за работа.

**Ликвидност**

| ред.бр. | опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | *моментна ликвидност*<br>паричните средства и харт. од вредност /<br>краткорочни обврски | 18,59 | 25,63 |
| 2 | *тековна ликвидност*<br>тековни средства-залихите /<br>краткорочни обврски | 128,47 | 160,43 |
| 2 | *општа ликвидност*<br>тековни средства /<br>краткорочни обврски | 120.41 | 174.26 |

Ликвидноста претставува проток на средствата од паричен во било каков друг облик. Показателите на ликвидноста ја покажуваат способноста на една компанија на долг рок да ги исполни своите обврски кон добавувачите, државата и друго.

## VII. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА - ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни лица се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите И задолженијата на вработените во "Наплатната Служба".

Во пресметковниот период од 01.Јануари до 31.Декември 2018 год. доставени се 311.705 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 75,011 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2018 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | *вкупна наплата* | | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | *износ (во 000 ден)* | *бр. Сметки* | *износ (во 000 ден)* | |
| I | 25.646 | 6,162 | 20.553 | 5,015 | *81* |
| II | 25.749 | 6,204 | 18.725 | 4,683 | *75* |
| III | 25.761 | 6,181 | 19.622 | 4,888 | *79* |
| IV | 25.859 | 6,242 | 23.681 | 5,703 | *91* |
| V | 25.888 | 6,238 | 23.207 | 5,576 | *89* |
| VI | 25.912 | 6,230 | 24.069 | 5,812 | *93* |
| VII | 26.016 | 6,310 | 34.348 | 8,013 | *127* |
| VIII | 26.127 | 6,310 | 37.634 | 8,675 | *137* |
| IX | 26.160 | 6,298 | 23.629 | 5,761 | *91.5* |
| X | 26.172 | 6,271 | 21.719 | 5,356 | *85.4* |
| XI | 26.185 | 6,275 | 20.952 | 5,207 | *82.9* |
| XII | 26.230 | 6,288 | 22.570 | 5,504 | *87.5* |
| ***Вкупно*** | **311.705** | **75,011** | **290.709** | **70,193** | ***93.5*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 290.709, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 70,193 (во илјада денари) односно со индекс од 93.5%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Август 2018 година во вредност од 8,675 (во илјада денари) со индекс од 137%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територијата на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 23.783 фактури, а вкупното задолжение изнесува 30,348 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

| ***Месец*** | ***задолжение*** | | ***вкупна наплата*** | | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. фактури* | *износ (во 000 ден)* | *бр. фактури* | *износ (во 000ден)* | |
| I | 1.911 | 2,068 | 1.509 | 1,597 | 77 |
| II | 1.895 | 2,021 | 1.454 | 1,500 | 74 |
| III | 1.885 | 2,050 | 1.979 | 2,142 | 104 |
| IV | 1.929 | 2,142 | 1.840 | 1,966 | 91 |
| V | 2.004 | 2,913 | 1.937 | 3,165 | 108 |
| VI | 2.023 | 2,765 | 1.696 | 2,157 | 78 |
| VII | 2.091 | 3,121 | 1.776 | 2.628 | 84 |
| VIII | 2.106 | 3,192 | 1.905 | 2.382 | 74 |
| IX | 2.060 | 2,888 | 1.782 | 2.423 | 83 |
| X | 2.008 | 2,766 | 1.803 | 2,381 | 86 |
| XI | 1.955 | 2,249 | 1.954 | 2,555 | 113 |
| XII | 1.916 | 2,173 | 1.712 | 2,155 | 99 |
| ***Вкупно*** | **23.783** | **30,348** | **21.347** | **27,051** | ***89*** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 21.347, а вкупната вредност од наплата на фактури по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 27,051 (во илјада денари), односно со индекс од 89% од вкупното задолжение. Најголема наплата е остварена во месец Ноември 2018 год. во вредност од 2.555 (во илјада денари) со индекс од 113%.

## VIII. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П."Охридски Комуналец" своите активности ги извршува врз основа на Оперативната програма за 2018 год. усвоена од Советот на Општина Охрид во која се испланирани сите активности поврзани со Јавната хигиена, Услужната хигиена, Јавното зеленило и многу други активности кои се наведени во делот Основање и Дејност.

Покрај редовните активности јавното претпријатие спроведува и низа вонредни активности поврзани со подигнување на нивото на хигиената во Општина Охрид, поддржува многу манифестации и културни збиднувања, организира и учествува во еколошки акции и др.

Поради подобрување на јавната хигиена во градот, Ј.П."Охридски Комуналец"-Охрид изврши промена во категории во метење и миење на улици и при тоа улиците кои беа во подолна категорија се ставени во погорна категорија, а исто така оваа дејност е проширена и на други улици кои до сега не беа опфатени со оваа Оперативна програма.

- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

### Одделение "Услужна Хигиена"

Работите кои се однесуваат на собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, одржување на депонијата Буково и депонијата за градежен шут Мауцкер кои се во надлежност на одделението"Услужна Хигиена", а во рамките на Секторот за Комунална Хигиена, во текот на месеците Јануари до Декември 2018 година се реализираа според Програмата за работа на Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид за 2018 година.

Услужната хигиена ја одржува чистотата на територијата на град Охрид, викенд населбите Лагадин, Елешец и населба Исток, селата Пештани, Трпејца, Љубаништа, Св. Наум, Долно и Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Велгошти, Елшани, Орман, Рамне и Национален парк Галичица.

Во текот на пресметковниот период од Јануари до Декември 2018 год. реализацијата на секојдневните активности околу одржувањето на услужната хигиена се одвиваше врз основа на Програмата за работа за 2018 год. Собирањето на отпадот кај индивидуалните станбени објекти се вршеше во садови за отпад, додека кај колективните станбени објекти во контејнери од 1,1м3. Отпадот од правните субјекти, училиштата, детските градинки и сезонските угостителски објекти се вршеше во контејнери од 1,1м3.

Со голема успешност функционираа двата прес контејнери кои се поставени на две најфреквентни локации во градот: во населба "Христо Узунов" и ул."Богомилска", како и двата подземни контејнери на ул. "Македонски Просветители".

Во текот на Јануари - Декември 2018 год. подигнати се 241553 м3 комунален отпад од домаќинства и правни лица од кои 4466 м3 комунален отпад ( правни субјекти без хотели и ресторани), 6433 м3 комунален отпад

хотели и ресторани и 699 м3 индустриски неопасен отпад. Извршено е уништување на 377,76 м3 отпад.

Во составот на „Услужна хигиена" во периодот Јануари - Декември 2018 година се вршеше селектирање на хартија и ПЕТ амбалажа. Беа подигнати, балирани и предадени 38293 кг хартија.

Организирано е и подигање на хартија и пластика на тој начин што имаме поставено по еден контејнер за хартија и пластика во училиштата во градот Охрид и приградските населби, така што би ги вклучиле и учениците во оваа активност.

Во овој период набавени се 100 пластични контејнери од 1100 литри кои се поставени на различни локации со што е извршена замена на оштетените и уништени контејнери.

Поради зголеменото создавање на комунален отпад се отпочна со работа во три смени.

За функционирање на оваа единица се користат 15 контејнери за ПЕТ амбалажа кои се поставени во централното градско подрачје и 40 корпи од мрежа за собирање на хартија. Во соработка со Пакомак Скопје поставени се 45 садови за собирање стакло.

Собирањето на оваа секундарна суровина се вршеше по следната динамика: хартија и ПЕТ амбалажа се подигаше два пати на ден и тоа наутро и навечер едно возило собира хартија од сите пунктови низ градот каде има поставено контејнери за таа намена и наутро одговара на сите повици за поголеми количини на хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија.

*Одделението Депонии* ги одржува и оперира со депониите "Буково" и "Мауцкер". На депонија Буково се депонира комунален отпад од домаќинства и правни субјекти *241553 м3* кој се подигнува од територијата на Општина Охрид, а на депонија Мауцкер се депонира цврст отпад.

Во текот на месеците од Јануари - Декември 2018 година на депонија "Мауцкер" депонирани се 5409 *м3* отпад од кои депонирани од страна на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид се градежен шут - 2669 м3, кабаст отпад - 1967 м3, земја, песок, муљ - 773 м3.

## Ј.П. "Охридски комуналец" - Охрид

Извештај
за пренесен отпад за 2018

| | | | | | | | | | | | | | | Депонија Мауцкер | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собирање комунален отпад со возила | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок Камен, Мул | Комунален отпад - правни субјекти без хотели | Комунален отпад хотели и ресторани | индустриски отпад - правни субјекти | Уништување отпад Буково | Уништување отпад Буково | хартија | пластика | Депонија Мауцкер - ВКУПНО депонирано од ЈП Охридски Комуналец шут,кабаст земја,песок,мул | | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички лица (фискална) | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни лица (ф-ра) | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |
| **месец** | **m3** | **t** | **m3** | **m3** | **m3** | **м3** | **m3** | **м3** | **m3** | **м3** | **Кг** | **Кг** | **Кг** | **м3** | | **м3** | **м3** | **м3** |
| јануари | 17204 | 1376,3 | 9 | 0 | 0,00 | 0 | 274 | 170 | 54 | 21,3 | 2160 | 9590 | 0 | 9 | | 0 | 0 | 9 |
| февруари | 16382 | 1310,6 | 84,5 | 122 | 69,00 | 0 | 317 | 102 | 17 | 107,2 | 4241,57 | 0 | 0 | 206,5 | | 0 | 0 | 206,5 |
| март | 19024 | 1521,9 | 84 | 136 | 276,00 | 0 | 347 | 192 | 20 | 25,1 | 3036,59 | 6180 | 0 | 220 | | 0 | 0 | 220 |
| април | 18017 | 1441,4 | 247 | 164,5 | 141,50 | 114,5 | 335 | 335 | 44 | 15,8 | 2200,33 | 1440 | 50 | 526 | | 0 | 0 | 526 |
| мај | 21789 | 1743,1 | 521 | 360,5 | 251,00 | 41,5 | 356 | 607 | 54 | 36,5 | 4344,98 | 8190 | 280 | 923 | | 67 | 0 | 990 |
| јуни | 21898 | 1751,8 | 381,5 | 256,5 | 212,50 | 16,5 | 377 | 905 | 84 | 20,8 | 2200,33 | 0 | 0 | 654,5 | | 3453 | 0 | 4107,5 |
| јули | 23160 | 1852,8 | 235,5 | 154,5 | 191,50 | 18 | 505 | 1225 | 60 | 14,30 | 1704 | 10773 | 0 | 408 | | 67 | 0 | 475 |
| август | 24517 | 1961,4 | 404 | 196 | 520,00 | 404 | 659 | 1596 | 64 | 15,9 | 827,8 | 0 | 0 | 1004 | | 93 | 0 | 1097 |
| септември | 21517 | 1721,4 | 256 | 136 | 184,00 | 152 | 300 | 727 | 75 | 41,4 | 4974,45 | 0 | 0 | 544 | | 39 | 0 | 583 |
| октомври | 21260 | 1700,8 | 234,5 | 188 | 218,00 | 27 | 332 | 173 | 75 | 19,4 | 2330 | 2120 | 160 | 449,5 | | 119 | 0 | 568,5 |
| ноември | 16626 | 1330,1 | 112 | 141 | 99,00 | 0 | 325 | 197 | 71 | 39,9 | 4319,64 | 0 | 0 | 253 | | 135 | 160 | 548 |
| декември | 20159 | 1612,7 | 100 | 112 | 64,00 | 0 | 339 | 204 | 81 | 20,16 | 2303,64 | 0 | 0 | 212 | | 112 | 165 | 489 |
| **вкупно** | **241553** | **19324,2** | **2669** | **1967** | **2226,50** | **773,5** | **4466** | **6433** | **699** | **377,76** | **34643,07** | **38293** | **490** | **5409,5** | | **4085** | **325** | **9819,5** |
| | **m3** | **t** | **m3** | **m3** | **m3** | **m3** | **m3** | **м3** | **m3** | **м3** | **м4** | **Кг** | **Кг** | **м3** | | **м3** | **м3** | **м3** |
| | **Собирање ѓубре со возила** | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок Камен, Мул | Комунален отпад - правни субјекти без хотели | Комунален отпад хотели и ресторани | индустриски отпад - правни субјекти | Уништување отпад Буково | Уништување отпад Буково | хартија | пластика | Депонија Мауцкер - ВКУПНО депонирано од ЈП Охридски Комуналец шут,кабаст | | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички лица (фискална) | Депонија Мауцкер - од други фирми | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |

| |
|---|
| 1m3=80Кг |
| 1м3=(1/12.5) тони |
| 1м3=0,08 тони |

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид изврши расчистување на депонија Мауцкер, а во иднина тековно ќе се одржува истата. Од Министерството за животна средина доделени се финансиски средства за реализација на овој Проект. Извршено е порамнување на 16.000 м2 градежен шут и тампонирани се 7.000 м2 со 2.500 м3 квалитетна земја. Дел од градежниот шут (5.000 м3) е дислоциран на друга локација во рамки на депонијата.

Во продолжение е даден табеларен преглед на динамиката на подигнување на комуналниот отпад по денови и реони, каде услугите се димензионирани според потребите на градот, френквентноста на населението и сообраќајот и досегашното искуство:

**ДИНАМИКА НА ПОДИГАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД**

**секојдневно подигање на комуналниот отпад од контејнери**

| ***р.бр.*** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1 | " Булевар Туристичка " | 2.444 |
| 2 | "Македонски Просветители" | 211 |
| 3 | "Коста Абраш" | 57 |
| 4 | "Партизанска" | 753 |
| 5 | "Цар Самоил" | 78 |
| 6 | "Кеј Македонија" | 243 |
| 7 | станбен комплекс "Расадник" | 265 |
| 8 | станбен комплекс "Христо Узунов" | 891 |
| 9 | "Галичица" | 391 |
| 10 | "7-ми Ноември" | 396 |
| 11 | "Никола Карев" | 374 |
| 12 | "Питу Гули" | 295 |
| 13 | "Мирче Ацев" | 315 |
| 14 | "Сирма Војвода" | 493 |
| 15 | "Карпош Војвода" | 440 |
| 16 | "Славеј Планина" | 239 |
| 17 | "Димитар Влахов" | 475 |
| 18 | "Егејска" | 206 |
| 19 | "Васил Стефоски" | 204 |
| 20 | "Даме Груев" | 443 |
| 21 | "Ариф Мустафа" | 177 |
| 22 | "Пере Тошев" | 177 |
| 23 | "Кузман Јосифоски-Питу" | 88 |
| 24 | "Охридати" | 547 |
| 25 | "АСНОМ" | 539 |
| 26 | пешачка патека после каналот Студенчишта објект "Куба Либре" | |

**Динамика на подигнување**
**комунален отпад по реони**

## Стар Град - во вторник и петок

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | "Климентов Универзитет" | 119 |
| 2. | "Христо Узунов" | 19 |
| 3. | "Аргир Маринчев" | 22 |
| 4. | "11-ти Октомври" | 25 |
| 5. | " Бранко Шотра" | 25 |
| 6. | "Нада Филева" | 36 |
| 7. | "Андон Дуков" | 40 |
| 8. | "Вардар" | 24 |
| 9. | "Методи Патчев" дел | 29 |
| 10. | "Боро Шаин" дел | 35 |
| 11. | "Димче Маленко" | 8 |

Стар Град во понеделник и четврток

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | "Кузман Капидан" | 78 |
| 2. | "Браќа Миладинови" | 36 |
| 3. | "Кочо Рацин" | 54 |
| 4. | "Григор Прличев" | 42 |
| 5. | " Илинденска" | 67 |
| 6. | "Петар Чаулев" | 53 |
| 7. | "Рашанец" | 15 |
| 8. | "Методи Патчев" дел | 29 |
| 9. | "Боро Шаин" дел | 35 |
| 10. | "Охридска Архиепископија" | 24 |

## во понеделник и четврток

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1 | "Караорман" | 18 |
| 2 | "Јабланица" | 61 |
| 3 | "Димитар Влахов" | 475 |
| 4 | "Абас Емин" | 438 |
| 5 | "8.ми Март" | 47 |
| 6 | "Крали Марко" | 181 |
| 7 | "Гоце Делчев" | 460 |
| 8 | "Сатеска" | 388 |
| 9 | "Крум Точко" | 190 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | "Махмут Рифат" | 25 |
| 11 | "Бистрица" | 141 |
| 12 | "Шар Планина" | 155 |
| 13 | "Васил Стефоски" | 204 |
| 14 | "Аџи Мустафа" | 102 |
| 15 | "Охридска Бригада" | 105 |
| 16 | "Пирин Планина" | 66 |
| 17 | "Петар Поп Арсов" | 70 |
| 18 | "Егејска" | 206 |
| 19 | "Миќо Гилиќ" | 37 |
| 20 | "Трајче Трајчески" | 42 |
| 21 | "Ариф Мустафа" | 177 |
| 22 | "Мирка Гинова" | 30 |
| 23 | "Никола Петров Русински" | 34 |
| 24 | "Пере Тошев" | 177 |
| 25 | Нас.Дaљан | 479 |
| 26 | "Ѓорѓи Сугаре" | 14 |
| 27 | "Александар Турунџев" | 79 |
| 28 | "Беќир Али Риза" | 191 |
| 29 | "Живко Чинго" | 141 |
| 30. | "Кирил и Методиј" | 91 |
| 31. | "Анастасија Узунова" | 31 |

**во вторник и петок**

| ***р.бр.*** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| *1* | "Железничка" со краците | 183 |
| *2* | "Будва" | 83 |
| *3* | "Винковачка" | 96 |
| *4* | "Кленоец" | 133 |
| *5* | "Веле Марков" | 34 |
| *6* | "Српница" | 34 |
| *7* | "Петрино" | 89 |
| *8* | "Даме Груев" - дел | 443 |
| *9* | "15-ти Корпус" | 127 |
| *10* | "Радојца Новичиќ" | 273 |
| *11* | "Прилепска" | 79 |
| *12* | "28-ми Април" | 73 |
| *13* | "Ристо Чадо" | 259 |
| *14* | "6.та Бригада" | 44 |
| *15* | "130" | 122 |

**во среда и сабота**

| *р.бр.* | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1 | "Питу Гули" | 295 |
| 2 | "Деан Војвода" | 439 |
| 3 | "Стив Наумов" | 196 |
| 4 | "Кеј Македонија" (рефус) | 243 |
| 5 | "Ванчо Николески" | 103 |
| 6 | "Којдан Чернодрински" | 14 |
| 7 | "Страшо Пинџур" | 30 |
| 8 | "Серафим Китаноски" | 6 |
| 9 | "Марко Несторoски" | 266 |
| 10 | "Васил Главинов" | 72 |
| 11 | "Крсте Мисирков" | 33 |
| 12 | "Богомилска" | 459 |
| 13 | "Кузман Шапкарев" | 28 |
| 14 | "Марко Цепенков" | 322 |
| 15 | "Александар Гушо" | 51 |
| 16 | "1-ва Македонска Ударна Бригада" | 140 |
| 17 | "1-ви Мај" | 57 |
| 18 | "Момчило Јорданоски" | 488 |
| 19 | "Трајче Дојчиноски" | 28 |
| 20 | "Вангел Николоски" | 52 |
| 21 | "Спас Банџов" | 96 |
| 22 | "Славеј Планина" | 239 |
| 23 | "Нас. Бејбунар" | 221 |
| 24 | "Малесија" | 21 |
| 25 | "Мите Богоевски" | 3 |
| 26 | "8-ми Септември" | 156 |
| 27 | "Лазо Трпоски" | 223 |
| 28 | "Ванчо Питошески" | 168 |
| 29 | "Карпош Војвода" | 440 |
| 30 | "Сирма Војвода" | 493 |
| 31 | "Билјанини Извори" | 13 |
| 32 | "Мирче Ацев" | 315 |
| 33 | "Даме Груев" - дел | 443 |
| 34 | "Јане Сандански" | 515 |
| 35 | "Андреа Јованоски" | 73 |
| 36 | "Дебарца" | 24 |

## Динамика на подигнување комунален отпад од приградските населби

| р.бр. | приградска населба | Денови | број на корисници |
|---|---|---|---|
| 1 | с.Подмоље | понеделник и четврток | 159 |
| 2 | с.Лескоец | понеделник; четврток | 810 |
| 3 | с.Пештани | вторник; петок | 443 |
| 4 | с.Елшани | вторник-петок | 163 |
| 5 | нас.Елешец | вторник; петок | 87 |
| 6 | нас.Лагадин | вторник; петок | 174 |
| 7 | нас.Долно Коњско | вторник; петок | 151 |
| 8 | нас.Исток | вторник; петок | 45 |
| 9 | нас.Св.Стефан | вторник; петок | 105 |
| 10 | с.Велгошти | вторник; петок | 690 |
| 11 | с.Горно Лакочереј | вторник-петок | 133 |
| 12 | с.Долно Лакочереј | вторник-петок | 171 |
| 13 | с.Опеница | среда | 31 |
| 14 | с.Рача | среда; сабота | 427 |
| 15 | с.Косел | среда; сабота | 169 |
| 16 | с.Ливоишта | среда-сабота | 54 |
| 17 | с.Вапила | среда-сабота | 49 |
| 18 | с.Куратица | среда-сабота | 105 |
| 19 | с.Орман | среда-сабота | 32 |
| 20 | с. Љубаништа и Св.Наум | вторник-петок | 233 |
| 21 | с.Трпејца | вторник-петок | 130 |
| 22 | с.Велестово | по повик | 52 |
| 23 | од хотелски комплекси | секојдневно во летен период, а останатиот период вторник и петок | |

### Одделение "Јавна Хигиена"

Планот за редовно-тековно одржување на јавната хигиена го спроведува одделението "Јавна Хигиена", а се однесува на годишното одржување на улиците и тротоарите на територијата на Општина Охрид. Динамиката на одржување на чистотата на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложениот план кој се изготвува согласно Одлуката за комунален ред.

За побрзо интервенирање на улиците и поголема ефикасност во работата Одделението "Јавна Хигиена" е поделено на пет пунктови и тоа:

- пункт "Плоштад"
- пункт "Стар град"
- пункт "Даљан"
- пункт "Механизација"
- пункт "Нова Автобуска"

Извршителите на овие пунктови делуваат на околните улици согласно програмата за категоризација на улиците донесена од Советот на Општина Охрид.

Улиците се поделени во четири категории:

Во прва категорија се опфатени улици кои се метат секој ден преку цела година :

1. ул. "Св.Климент Охридски";
2. ул. Плоштад кај Чинарот;
3. ул. Плоштад кај пристаниште;
4. ул. "Кеј Маршал Тито" заедно со кејот;
5. ул."Коста Абраш";
6. ул."Македонски Просветители";
7. ул."Партизанска";
8. ул."7-ми Ноември";
9. ул."Димитар Влахов";
10. ул."Гоце Делчев";
11. дел од ул."Абас Емин"( потегот од "Туристичка" до "Г. Делчев")
12 . ул."Булевар Туристичка" (од А.Д."Охридска Банка" до Тим-Маркет);
13. ул."Булевар Туристичка" (од "Билјанини Извори" до АД Охридска банка - машинско чистење ;
14. ул. "Јане Сандански";
15. ул. "Цар Самоил";
16. дел од ул."Деан Војвода"(од "Абас Емин" до "Македонски Просветители");
17. потегот од "Билјанини Извори", дел од каналот и од мостот до ресторан Парк-собирање пластика, хартија и празнење корпи.

Во втора категорија се опфатени улици кои се метат секој втор ден во неделата, улици кои се тесно поврзани со улиците од прва категорија или се дел од нив ,а во оваа категорија се вклучени следните улици:

1.Сите улици во Стар Град ("Илинденска", "Кузман Капидан", "Кочо Рацин", "Браќа Миладиновци", "Кирил и Методиј", "Григор Прличев", "Климентов Универзитет", "Нада Филева", "Христо Узунов", "Боро Шаин");
2. ул."Кузман Јосифоски";
3. ул."Ванчо Николески";
4. ул."Серафим Китаноски";
5. ул."Даме Груев";
6. ул."Марко Несторoски";
7. населба "Христо Узунов";

8. ул."Булевар Туристичка" (од "Абас Емин" до кружниот тек на излезот од градот)-машинско миење;
9. ул."Галичица";
10. ул."Никола Карев";
11. ул"Мирче Ацев";
12. ул"Билјанини Извори";
13. ул."8-ми Септември";
14. ул."Ванчо Питошески";
15. ул."Лазо Трпоски";
16. ул."Сирма Војвода";
17. ул."Асном";
18. ул."Питу Гули";
19. ул."Егејска";
20. ул."Мите Богоески".

Улиците од трета категорија се метат два пати неделно:

1. ул."Кленоец";
2. ул."Марко Цепенков";
3. ул."Стив Наумов";
4. ул."Крали Марко";
5. ул."Абас Емин"(од "Булевар Туристичка" до "Железничка");
6. ул."Шар Планина";
7. ул."Бистрица";
8. ул."Аџи Мустафа";
9. ул."Сатеска";
10. ул."Васил Стефоски";
11. ул."Крум Точков";
12. ул."Пирин Планина";
13. ул."Славеј Планина";
14. населба "Охридати"

Во четврта категорија се опфатени улици кои се чистат еднаш во текот на неделата, а тоа се улици од поширок круг од центарот на градот:

1. ул."15-ти Корпус";
2. ул."Живко Чинго";
3. ул."Ристо Чадо";
4. ул."1-ва Македонска ударна бригада";
5. ул."Вангел Николоски";
6. ул."Момчило Јорданоски";
7. ул."Трајче Дојчиноски";
8. ул."Александар Гушо";
9. ул."Дебрца";
10. ул."1-ви Мај";
11. ул."Железничка";
12. ул."Ѓорче Петров";
13. населба "Бараки"

Во оваа категорија се вклучени и приградските населби и туристичките места каде метењето се врши еднаш неделно:

1. населба "Св.Стефан";
2. населба "Лагадин";
3. с. Пештани;
4. с. Трпејца;
5. с. Љубаништа;
6. с. Велгошти;
7. с. Лескоец;
8. с. Косел.

Во периодот од Јануари до Декември 2018 год. извршени се активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2018 год., согласно Договорот бр. 09-1042/1 од 26.01.2018 година:

- месец Јануари 2018 година извршено е метење на улиците од прва категорија итоа 31 ден;
- месец Февруари 2018 година извршено е метење на улиците од прва категорија 28 ден;
- месец Март 2018 година извршено е метење на улиците од прва категорија итоа 31 ден, од втора категорија 15 денови и трета категорија 8 денови;
- месец Април 2018 година извршено е метење на улиците од прва, втора, трета и четврта категорија секој ден;
- месец Мај 2018 година извршено е метење на улиците од прва, втора, трета и четврта категорија секој ден;
- месец Јуни 2018 година извршено е метење на улиците од прва категорија .
- месец Јули 2018 година извршено е метење на улиците од прва, втора, трета и четврта категорија секој ден;
- месец Август 2018 година извршено е метење на улиците од прва, втора, трета и четврта категорија секој ден;
- месец Септември 2018 година извршено е метење на улиците од прва и втора категорија ;
- месец Октомври 2018 година извршено е метење на улиците од прва и втора категорија ;
- месец Ноември 2018 година извршено е метење на улиците од прва и втора категорија ;
- месец Декември 2018 година извршено е метење на улиците од прва и втора категорија ;

Согласно со Програмата за работа за 2018 година за вонредни активности, Одделението "Јавна Хигиена" реализира дополнителни активности:

- на почетокот од оваа година изврши украсување на градот со знамиња за државните и верските празници, како и чистење и уредување на градот ;
- за празникот Богојавление Водици беа ангажирани сите работници од одделението "Јавна Хигиена"кои одговорија на барањата и

потребите на градот за украсување, средување, а потоа и расчистување на сметот на градското пристаниште после завршување на настанот. Се постави мала бина пред Охридската капетанија, 20 тезги за потребите на организаторите, се поставија 30 заштитни огради од МВР, се отстранија и подигнаа чамците од месноста Сараиште, се изврши косење, метење и средување на целиот простор. По завршувањето на манифестацијата се превзедоа активности за расчистување на просторот, демонтажа на поставената бина , т.е. враќање на истиот во предходната состојба**;**

- 04.01.2018 год. се чистеше снегот на тротоари и пешачки патеки, скали и прелази во стариот дел на Град Охрид;
- Од 13 до 16. Јануари 2018 год. се чистеше снегот од тротоари и пешачки патеки, скали и прелази во стариот дел на град Охрид, посипување со сол и ризла, товарење на снег од чаршијата;
- Од 26 до 28.Јануари 2018 година се чистеше снегот од тротоари и пешачки патеки, скали и прелази во стариот дел на град Охрид, посипување со сол и ризла, товарење на снег од чаршијата;
- На 04,07,17 - 24 Март 2018год. се чистеше крајбрежниот појас поради излевање на водите од Охридското Езеро и јакиот јужен ветар;
- На ден 07.Март 2018 година се изврши поставување на нови 30 клупи и 30 корпи за отпад на пешачката патека од Кадмо до Парк;
- На 13 и 23 Март 2018 год. се изврши генерално чистење на плажа Грашница, Лабино, Сараиште, Лагадин, Трпејца и подигање на отпадот;
- Се чистеше трска пред хотел Милениум од комунален отпад и искршени суви трски;
- На ден 31.03.2018 год. се изврши Заедничка акција на ЈП Охридски Комуналец - Охрид, Локалната самоуправа и Костал со учество на 130 лица од Св. Стефан до новата пешачка патека кај каналот Студенчишта
- Во месец Април 2017 год. се реализира акција за расчистување на населба Лагадин од наноси на земја, песок и трева;
- Чистење на плажите на Охридското крајбрежје кои не се дадени под концесија: Градска плажа, Лагадин, Лабино, Пештани и Трпејца;
- Чистење (багеровање) на крајбрежието од наноси на делот пред хотел "Палас" по налог на комунален инспекторат;
- Косење и метење во Велгошти, Лескоец, Косел, Долно и Горно Лакочереј, Подмоље;
- Чистење на магистралниот пат Охрид - Подмоље, патниот правец Охрид - с. Велестово;
- Чистење на магистралниот пат од Охрид до Свети Наум.

- Поради силното невреме кое го зафати охридскиот регион и натрупаните огромни количини на отпад и трска по охридскиот кеј и пристаниште се излезе на терен во почетокот на месец Април . Се изврши расчистување и дадена помош на поплавените и уништени објекти на потегот према Канео.

- Во месеците Мај и Јуни 2018 год. исто така се спроведија вонредни активности чистење, метење, косење во Косел, Велгошти, Горно Лакочереј и Подмоље; чистење на локалните патишта кои водат до црква Св. Спас; поставување на нови клупи на градскиот плоштад; акции за чистење во населба Далјан; чистење на потег од

автокампот Љубаништа до река Черава од комунален отпад оставен од диви кампери.

- По барање на АД Гранит како сопственик на поранешниот полигон за мали спортови во центарот на градот ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид беше извршено подигање на расфрлениот ситен комунален отпад, кабаст отпад.

- Организирана беше акција за чистење на повеќе локации на територијата на општина Охрид од сите јавни претпријатија. ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид имаше поставено координатори и организатори на секоја точка и обезбеди кеси за собирање отпад.

- Во месец Јули 2018 година веднаш после празникот беше расчистен комплексот СВ. Наум, поставени беа 12 канти од 240 литри, се расчистуваше комуналниот отпад на потегот од Петља до Подмоље, активно се расчистуваа јавните површини по манифестацијата "Бела Ноќ".

- Дел од екипите во месец Август беше ангажиран околу расчистување на Стадионот кај Билјанини извори после завршување на концертите согласно потпишаните договори за услуги. Се расчистуваше комуналниот пат Охрид- с. Велестово, повторно се вршеше багеровање на муљ пред хотел Милениум.

- Во месец Септември 2018 година по завршувањето на туристичката сезона генерално се расчистуваше магистралниот пат Охрид - СВ. Наум, детално се изврши чистење на плоштадите и чаршијата, се поставија 95 нови корпи односно старите се заменија со нови корпи.

- Организирана акција за подигнување отпад од уредување на дворни површини и градини (гранки, трева и др.) во у.з. 14 Радоица Новичиќ .

- Согласно обврските кои произлегуваат од Програмата за зимско одржување поставени се пунктови со сол по улиците нас Стар Град.

- Расчистување на рачни корита на река Сушица од комунален отпад од ул. "Живко Чинго" до пресек со ул. "Железничка".

- Расчистување на магистралниот пат Охрид - Подмоље.

Согласно Програмата за одржување на јавна чистота за 2018 год., донесена со Одлука на Советот бр.08-16206/9 од 29.12.2017 год., ЈП "Охридски Комуналелец" - Охрид активностите ги има прикажано во Ситуации по месеци:

- за месец Јануари на износ од 730,422.00 ден. со ддв;
- за месец Февруари на износ од 659,736.00 ден. со ддв;
- за месец Март на износ од 809,676.00 ден. со ддв
- за месец Април на износ од 1,225,224.00 ден. со ддв;

- за месец Мај на износ од 1,283,058.00 ден. со ддв;
- за месец Јуни на износ од 1,289,484.00 ден. со ддв;
- за месец Јули на износ од 1,462,986.00 ден. со ддв;
- за месец Август на износ од 1,278,774.00 ден. со ддв;
- за месец Септември на износ од 753,984.00 ден. со ддв;
- за месец Октомври на износ од 771,120.00 ден. со ддв;
- за месец Ноември на износ од 744,534.00 ден. со ддв;
- за месец Декември на износ од 691,866.00 ден. со ддв.

- **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

Со секојдневните задолженија и активности кои ги спроведува Секторот за Механизација, истата претставува сервис за другите сектори во склоп на ЈП "Охридски Комуналец"-Охрид.

Секторот за Механизација обезбедува базични предуслови за функционирање на основните дејности на претпријатието со специјализираните возила и машини:

- 18 специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на комунален;

- специјални машини: утоварувач РД-13, комбиниран булдожер ФБ 100.2 и специјални возила за метење метачки;

- 1 цистерна за миење улици;
- 1 ФАП кипер;
- Man кипер со дигалка
- 1 камиончиња кипери со носивост од 2 тони (ТАМ);
- 1 Форд за транспорт на лица и опрема;
- 2 трактори;
- 1 специјално возило Пајак возило за подигање на возила;
- 2 ротациони посипувачи на сол и ризла за трактор;
- 2"ЕПОХА" посипувач на сол и ризла за ФАП;
- 3 ножеви за чистење на снег за големи возила;
- 1 нож за чистење на снег за трактор;
- 3 балирки за секундарни суровини.

Со овие основни средства ЈП Охридски Комуналец -Охрид ги изведува основните дејности:

- собирање и транспорт на комунален цврст отпад од населението и индустријата и негово депонирање на депонија;
- одржување и уредување на депонија;
- миење на јавните сообраќајни површини;
- чистење на снег во зимски услови и посипување со сол и абразивни средства на сообраќајници во градот и околината;
- извршување на работа со градежни машини за сопствени потреби и услуги на правни и физички лица;
- помага при регулирање на сообраќајот во градот Охрид со отстранување на неправилно паркирани возила и друго со специјално возило Пајак;
- одржување на моторните возила од сопствениот возен парк;
- се извршуваа работи по барање на Локалната самоуправа (поправка канделабри, изработка разни огради);

- работи од осигурување и регистрација на возила.

Во текот на периодот од месец Јануари до 31.Декември 2018 год. во браварската работилница се извршуваше редовно одржување на возила (поправка на брани, ауспуси, ладилници, федер платна и др.) и поправка на контејнери.

Поради широкиот обем на задачи Секторот на Механизација на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид без кои не можат успешно да се обавуваат работните задачи на останатите сектори во ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид , односно служи како сервис на истите.

- **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

Во изминатите месеци активности кои се предвидени со Програмата за работа бр. 08-16206/10 од 29.12.2017 год. од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило се редовно извршувани и за извршените работи се доставени дванаесет ситуации одделно за месеците од Јануари до Декември 2018 година. Ситуациите се доставени до Секторот за животна средина при Општина Охрид. Активностите кои беа реализирани од Програмата за работа се:

- Машинско косење на трева во градскиот парк, ул."Булевар Туристичка", ул."Јане Сандански", парк Рача, кружните текови на територијата на Општина Охрид, кај пешачките патеки кај канал "Билјанини Извори"; ул. "Асном" ул. "Железничка" ул. "Галичица" ул. "Никола Карев" ул. "Кленоец" нас. Даљан нас. Варош, сообраќајните клучки , дворните места на Општина Охрид;

- Собирање на трева по машинското косење;

- Собирање отпадоци и хартија секој ден;

- Садење цветни површини со ѓубре и расадување;

- Прашење и полевање сезонско цвеќе;

- Поливање на трева, дрва и грмушки;

- Косење трева, чистење трње и грмушки на ул. "Марко Цепенков", ул. "Железничка", ул."Егејска", ул."Гоце Делчев", ул."Сирма Војвода", ул. "15ти Корпус"; "А. Маринчев", нас. Христо Узунов, нас. Св. Стефан, Спомен парк, с. Трпејца, с. Лакочереј, с. Лескоец, с. Пештани, нас. Рача и нас. Лагадин, "Булевар Туристичка", паркот кај ул."Јане Сандански , паркот "Рача", "7ми Ноември", зеленило кај пешачка патека Билјанини Извори;

- Косење на трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на улици и населби во поширокото градско подрачје;

- Кроење и режење на трендафили, грмушки и собирање на хартија и отпадоци;

- Чистење трева со изнесување, садење цветни површини, кроење режење грмушки, трендафили, собирање на хартија и отпадоци;

- Собирање хартија и отпадоци, засадување на декорациски цвеќа и дрва на сите клучни и пешачки патеки покрај каналот Студенчишта и Парк, парковски површини, кружните сообраќајници, реконструкција на дел од Градскиот парк.

Согласно Програмата за работа донесена со Одлука на Советот бр.08-16206/10 од 29.12.2017 год., ЈП Охридски Комуналец - Охрид има доставено Ситуации по месеци до Општина Охрид , Сектор за заштита на животната средина и управувањесо отпад :

- за месец Јануари на износ од 332,200.00 ден.;
- за месец Февруари на износ од 219,600.000 ден.;
- за месец Март на износ од 521,515.00 ден..
- за месец Април на износ од 534,290.00 ден.;
- за месец Мај на износ од 1,500,990.000 ден.;
- за месец Јуни на износ од 982,490.00 ден.;
- за месец Јули на износ од 1,010,200.00 ден.;
- за месец Август на износ од 980,855.00 ден.;
- за месец Септември на износ од 450,470.00 ден.;
- за месец Октомври на износ од 432,200 ден.;
- за месец Ноември на износ од 895,095.00 ден. ;
- за месец Декември на износ од 234,530.00 ден.;

Покрај редовните активности екипите на Сектор за Паркови и зеленило во изминатиот период извршуваа и голем број вонредни активности кои придонесоа за подигнување на нивото на уредени градски паркови, градско зеленило и унапредување на животната средина.

- Активно учество во зимско одржување - чистење на тротоари од снег и посипување со абразивни средства;

- Отстранување на паднати дрва и гранки од невреме снег и ветар;

- Демонтирање на новогодишни украси;

- Украсување на градскиот кеј за прослава на празникот Богојавление - Водици 2018 година;

- Чистење од обрасната вегетација на дел од Охридското кале;

- Чистење и обновување на Градскиот парк од штетни наноси од ѓубре како последица од големото невреме;

- Засадување на 50 дрва од видот црвена слива на дел од градски парк пред хотел Палас, кај спортско - рекреативниот центар и сообракајната клучка;
- Чистење од обрасната вегетација на улиците во населбата "Гоце Делчев"-Бараки;
- Дополнување на дрворед на улица "АСНОМ" со нови 30 садници од видот јасен;
- Дополнување на дрворед на улица "Булевар Туристичка" со 30 садници од видот јасен на потегот од Мини маркет до Спортска сала;
- Засадување на нови цветни леи на тротоарот од улица "Булевар Туристичка";
- Чистење од обрасната вегетација дел од населба Дајљан;
- Кастрење на крошни на дел од улица "Булевар Туристичка";
- Прихрана на сите дрвореди, тревници и цветни леи во Општина Охрид со вештачко губриво;
- Сервис на парковска механизација (тримери, косачки, ножици за жива ограда и пумпи за наводнување);
- Обновување на цветни леи со сезонско цвеќе;
- Во координирана акција на Јавна хигиена и Јавно зеленило се спроведе темелно чистење на јавните површини и јавното зеленило во градот и приградските населби;
- Темелно се чистеше и метеше од наноси од песок, земја, ситен отпад, како и ситна вегетација на ул. "Железничка";
- Во населбата Даљан (ул. "Шар Планина", ул. "Аџи Мустафа" и ул. "Бистрица") се изврши хортикултурно уредување со косење на тревата, уредување на крошните од дрвата и украсните грмушки;
- Во Стариот дел од градот се изврши косење на тревата покрај тесните улици и пристапни патеки во стариот дел од градот и патот кој води до Горна Порта;
- Темелно се исчисти пешачката патека во крајбрежниот појас која води од месноста Грашница до Даљан од наносите од песок и друг вид отпад;

- Поради лошите временски услови пропратени со обилни врнежи и силната вегитација на тревните површини интензивно се одржуваа зелените површини во градот и приградските населби;
- Хортикултурно се одржуваа селата Велгошти, Лескоец, Долно и ГорноЛакочереј, Косел и Подмоље;
- Отстранување на паднати дрва и гранки од силно невреме;
- Изработка на цветен тунел на Градскиот плоштад;
- Чистење на обрасната вегитација на дел о Охридското Кале;
- чистење на патот од обрасната вегетација од потегот с. Косел - с. Вапила; пат до с. Елшани, потегот "15ти Корпус", с. Велгошти, автокамп Андон Дуков;
- Чистење од обрасната вегетација на дел од населбата Даљан, ул. "Кленоец", ул. "Абаз Емин";
- Чистење од обрасната вегетација на улиците во населба "Гоце Делчев"-Бараки;
- Чистење од обрасната вегетација дел од населба Даљан;
- Производство на 40.000 цвеќе за реколта 2018/2019 година;
- Изработка на 3000 садници од декоративни дрва и грмушки;
- Кастрирање на крошни на дел од ул. "Булевар Туристичка";
- Прихрана на сите дрвореди, тревници и цветни леи во општина Охрид со вештачко ѓубриво;
- Сервис на парковска механизација ;
- Обновување на цветни леи со сезонско цвеќе.

- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

Овој Сектор го сочинуваат следните одделенија:

- *Одделение за Сметководство* каде секојдневно се ажурираат и книжат влезни и излезни фактури, се следат промените, се книжат уплати по разни основи, се вршат усогласувања со доверители и добавувачи, евиденција на основни средства и нивна амортизација, приготвување на месечна плата со ажурирање на задршки, административна забрана, доставување на МПИН образец до Управата за јавни приходи, месечна пресметка на ДДВ со електронска достава на образец, изготвување на касови извештаи, евиденција на евидентни листови и фискални каси, евиденција на приемници и испратници во материјалната аналитика со централна евиденција од другите работни единици:

- *Одделение за АОП* каде се изготвуваат опомени пред тужба за физички и правни лица по основ на услугата подигање, транспорт и депонирањена комунален отпад, се изготвуваат месечни, квартални, полугодишни извештаи и анализа на истите, се изготвуваат каматни листи, дневна евиденција и ажурирање на официјалната електронска пошта, изготовка на месечен преглед за трајни налози, изготвување фактури по основ вонредно чистење, фактури за урбана опрема и фактури по основ закуп на деловни простории, изготвување на програми и проекти, електронска достава на месечни сметки и фактури, контрола на плаќањето по склучените Договори на рати, сетирање,контрола и ажурирање на информационите ресурси на претпријатието (хардвер, софтвер, мрежа податоци) ;

- *Одделение за Наплата* во кое се врши наплата на средствата по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад, книжење на стигнати уплати, печатење сметки и фактури за физички и мали правни лица;

- *Одделение за Јавни набавки* кое работи според Планот за јавни набавки, изготвува План за јавни набавки во зависност од обемот и предвидената динамика на набавките по претходно доставен план од раководителите на работните единици во претпријатието, врши истражување на пазарот за понудата и цената на определени производди, спецификации на материјали, информации потребни за спроведување на набавка, објавува јавни повици и склучува договори со понудувачите, магацинско работење од требовање за набавка на материјали, евидентирање на нивниот прием во магацин и издавање на материал со испратница.

## ▪ СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Во рамките на Секторот за општи и правни работи во текот на 2018 година се работеше и постапуваше во согласност со одредбите на Законот за јавни претпријатија, Колективниот договор за комунални дејности, Законот за работни односи, Законот за вработување во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за јавни набавки, Законот за парнична постапка, Законот за извршна постапка, Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи кои се однесуваат за работењето на јавните претпријатија.

Во делот за меѓусебните односи помеѓу ЈП"Охридски Комуналец" Охрид и други правни и физички лица склучувани се разни видови на договори, во зависност од областа која се уредува со договорот.

*- ДОГОВОРИ*

1. Договори за вонредно чистење на улиците од градежен шут ___84
2.Договори за јавни набавки _________________________________ 60
3.Договори за плажи, хотели, кампови _______________________ 12
4.Договори за урбана опрема ________________________________ 56
5.Договори за закуп _________________________________________ 5
6.Договори за презентации, концерти ________________________ 4
7.Договори за тезги (сувенири, ракотворби, сладоледи) ________ 11
8.Договори за услуги _______________________________________ _ 12
9.Договори за одложено плаќање ____________________________ 183
10.Договори за канти за отпад ______________________________ 100

*- СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР*

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година одржани се 13 седници на Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид и 13 седници на Надзорниот Одбор за контрола на матерјално-финансиско работење.

Овој Сектор активно учествуваше во следењето на овие седници и изготвуваше записници, одлуки, заклучоци и други акти кои произлегуваа од одржаните седници и по потреба, истите ги реализраше до Советот на општина Охрид.

**-** *ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ*

*Во текот на 2018 година Секторот изготвуваше писма, дописи и останата секојдневна коресподенција со надворешни правни и физички лица.

*Секторот за општи и правни работи во текот на 2018 година по барање на службите и менаџерскиот тим, изготвуваше извештаи, информации, планови, програми и слично, сето тоа во рамките на делокругот на своето работење.

*- РАБОТНИ ОДНОСИ*

Работните односи се во рамките на одделението за човечки ресурси, кое одделение извршува вообичаени активности поврзани со службеничките односи како што се вработувањето, учењето и развојот, напредувањето, работните односи, изготвување на општи акти, водење на кадрова евиденција, технички работи околу прием на работници и сл. Се реализира целата постапка околу пријавување и одјавување на работници, се води матична книга на вработените, се изготвува документација за остварување на правото за пензија, се изготвуваат работни налози за плата за вработените во овој сектор, се води евиденција за распоредот и користењето на годишните одмори кај вработените, се изготвуваат Договори за вработување.

*- СУДСКИ АКТИ*

Во рамките на овој Сектор, за корисниците на услуги на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид кои навремено не го измируваат својот долг за извршените услуги, се изготвија голем број правни акти.

Во соработка со Наплатната служба на нашето претпријатие, изготвувани се опомени пред тужби и опомени пред барања за извршување за правни и физички лица, се со цел да се одбегнат поголеми трошоци.

До надлежни Нотари доставени се 2273 Предлози за донесување на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, а согласно претходно доставени податоци за тужење од страна на Секторот за сметководство и тоа 1940 Предлози за физички лица и 333 Предлози за правни лица.

Во текот на 2018 година од страна на овој сектор а во соработка со адвокатот на претпријатието, изготвувани се бројни одговори на тужби, жалби, приговори и сите потребни поднесоци во врска со предметите кои се водат пред надлежните судови а се во врска со Нашето претпријатие.

**Февруари ,**
**2019 год.**

Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"-ОХРИД
ДИРЕКТОР
ГРДАНОСКИ ЉУПЧО